Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а согласно член 24 став 1 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/2021), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 07.09.2022 година, ја донесе следната:

# ПРОЦЕДУРА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЛОБИРАЊЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## 1. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Со овој акт се уредуваат постапката и правилата за:

- остварување и евиденција на контактите со цел лобирање;

- транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики, односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото и

- проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со цел лобирање.

## 2. ПОИМНИК

а) **„лобирање“** – активност со цел остварување влијание врз процесите на подготвување, донесување и изменување на подзаконски акти, општи акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и други акти со кои се уредуваат прашања од надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

б) **„лобист“** – физичко лице кое има деловна способност и кое е регистрирано во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

в) **„лоби организација“** – правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

г) **„лице кај кое се лобира“** - избрано и именувано лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

д) **„нарачател на лобирање“** е физичко или правно лице кое ангажира лобист или лоби организација заради вршење на лобирање врз основа на договор склучен во писмена форма.

## 3. ОСТВАРУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА КОНТАКТИТЕ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

Лица кај кои се лобира во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) во смисла на член 2 од Законот за лобирање се: Директорот на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата, членовите на Советот

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

на Агенцијата и Раководителот на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет.

Контакт со цел лобирање е посредна или непосредна комуникација со лицата кај кои се лобира, без оглед на локацијата каде таа се остварува, начинот и средството за комуникација кое се користи.

### 3.1 Остварување на контакти со цел лобирање

Барање за остварување на контакт со цел лобирање може да претставува секое усно/писмено барање за состанок или средба, телефонски контакт или контакт преку електронска пошта, насочено кон лицата кај кои се лобира во Агенцијата.

Лицата кај кои се лобира треба да ја утврдат целта на бараниот контакт, при што по потреба може да побараат повеќе информации за бараниот контакт.

Доколку од лицето кое ги контактира не ги добијат податоците потребни за утврдување на целта на бараниот контакт, лицата кај кои се лобира го прекинуваат натамошниот контакт со тоа лице.

Кога лицата кај кои се лобира ќе утврдат дека контактот е со цел лобирање, понатаму пристапуваат кон проверка на лицето кое ги контактира и за таа цел бараат лицето кое ги контактира да достави податоци за идентификација како лобист или претставник на лоби организација, како и податоци за нарачателот на лобирањето.

Доколку лицето кое ги контактира не ги даде или одбие да ги даде податоците потребни за вршење на проверка, односно даде невистинити или нецелосни податоци за вршење на проверка, лицата кај кои се лобира го прекинуваат натамошниот контакт со тоа лице.

Проверката се врши преку споредување на податоците за идентификација, со податоците запишани во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Ако со извршената проверка се утврди дека лицето кое ги контактира е запишано во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање и има активен статус на лобист / претставник на лоби организација, лицата кај кои се лобира може да договорат остварување на контактот со тоа лице, во определено време и на определено место.

Контактот за лобирање може да се оствари преку состанок/средба, телефонски повик, како и преку електронски средства (електронска пошта, интернет платформа за состаноци и слично).

При остварувањето на контактот со цел лобирање, лобистот/претставникот на лоби организацијата, може да даде податоци и информации за предметот на лобирање, усно или во писмена форма, како и да достави материјал кој се однесува на предметот на лобирање.

Лицата кај кои се лобира ќе го прекинат контактот и ќе одбијат натамошен контакт со лобистот, лоби организацијата или претставник на лоби организацијата кога ќе утврдат дека постапуваат спротивно на одредбите од Законот за лобирање.

### 3.2 Евиденција на контакти со цел лобирање

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги води евиденција на контактите остварени со цел лобирање.

Евиденцијата на остварените контакти ја води лице од редот на вработените во Агенцијата, во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот во Агенцијата, определено од директорот на Агенцијата за таа цел.

Евиденцијата на контакти со цел лобирање се води на посебен образец, кој ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице кое остварило контакт со цел лобирање;
- Контакт информации за лобистот/претставникот на лоби организацијата;
- Име, презиме и функција на лицето/лицата кај кои се лобирало;
- Датум, место и начин на остварување на контактот;

- Предмет на лобирање и
- Други релевантни податоци.

Образецот за евиденцијата на контакти е составен дел од овој акт (Прилог бр.1).

## 4. ПОДГОТВУВАЊЕ, ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ, ПРОГРАМИ, ЗАКОНИ, ПОДЗАКОНСКИ ИЛИ ДРУГИ ОПШТИ АКТИ

Агенцијата е надлежен орган за работите кои се предмет на уредување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кој се уредуваат правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите и Законот за медиуми со кој се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата донесува годишна програма за работа за наредната година, подзаконски акти и други акти кои произлегуваат согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Постапката за донесување на подзаконските и другите акти може да се состои од две фази: нацрт и предлог.

Позаконските и другите акти од надлежност на Агенцијата, ги предлага директорот на Агенцијата и ги доставува за разгледување и усвојување на седница на Советот на Агенцијата.

Советот на седница, по претходно разгледување и давање мислења и забелешки, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, ги усвојува подзаконските и другите акти од надлежност на Агенцијата.

Агенцијата пред да донесе или измени подзаконски акт од своја надлежност, како и пред да ја донесе годишната програма за работа за наредната година, јавно ќе го објави предложениот подзаконски акт, односно предложената годишна програма за работа со цел да обезбеди јавна расправа и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на предложениот подзаконски акт или предложената годишна програма за работа за наредната година.

Рокот на траење на јавната расправа во врска со донесувањето или измена на подзаконски акт од надлежност на Агенцијата, како и за донесување на годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година, не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на актите на веб страницата на Агенцијата.

Заради обезбедување на јавна расправа и овозможување на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, Агенцијата може да одлучи на својата веб страница да ги објави предложените измени и дополнувања и на другите акти, за чие донесување и измена Агенцијата е надлежна. Рокот на траење на јавната расправа, Агенцијата го определува во зависност од видот и карактерот на актот, односно сложеноста на материјата која се уредува со актот.

По истекот на рокот за јавна расправа и добивањето мислења, гледишта и ставови, се подготвува Предлог – текстот на подзаконските акти односно другите акти за чие донесување е надлежна Агенцијата, кои директорот на Агенцијата ги доставува до Советот на Агенцијата за усвојување. Од моментот на завршувањето на јавната расправа до одржувањето на седницата не треба да поминат помалку од 3 (три) дена. Советот на Агенцијата го усвојува предложениот подзаконски акт односно друг акт од надлежност на Агенцијата и истиот го објавува на својата веб страница во рок од 7 (седум) дена од денот на одржувањето на седница.

Агенцијата спроведува јавни истражувања и анализи во поглед на развојот и состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најмалку еднаш на три месеци во текот на годината организира јавни состаноци со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни, да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во РСМ, а особено за состојбите на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во РСМ и

реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата. Добиените ставови и мислења, како и ставот на Агенцијата по однос на истите во рок од седум дена од денот на одржувањето на јавниот состанок се објавуваат на веб страницата на Агенцијата.

При подготвувањето, донесувањето и изменувањето на подзаконските акти, општите акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите акти со кои се уредуваат прашања од надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, Агенцијата на транспарентен начин ќе ги објавува податоците за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото.

## 5. ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА СООПШТЕНИЈА ЗА ОСТВАРЕНИ ОФИЦИЈАЛНИ СРЕДБИ И СОСТАНОЦИ

Агенцијата на официјалната веб страница (www.avmu.mk) редовно ќе објавува соопштенија за сите остварени официјални средби и состаноци, со цел лобирање.

Вработените во Одделение за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот соопштението го објавуваат веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по одржување на официјалната средба, односно состанок.

Во соопштението за остварените официјални средби и состаноци со цел лобирање, се содржани следните податоци:

1. датум, време, начин и место на остварување на средбата/состанокот;
2. име, презиме и функција на лицето/лицата кај кои се лобира, други претставници на Агенцијата кои учествувале на средбата/состанокот;
3. име и презиме на лобистот/назив на лоби организацијата – кои учествувале на средбата/состанокот;
4. податоци за нарачателот на лобирањето;
5. краток опис на предметот на лобирање за кој се дискутирало на средбата/состанокот;
6. краток опис на документацијата споделена во врска со предметот на лобирање и
7. фотографии/видео запис од средбата/состанокот (по можност).

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа процедура имаат обврска да ја почитуваат сите вработени лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите на Советот на Агенцијата, без исклучок.

Во рок од 30 дена од денот на донесувањето на оваа процедура, Агенцијата ќе ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата за утврдените правила и процедура и ќе ја достави процедурата заради објавување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**БР.** 03-3360/1
07.09. **година**
**Скопје**

Прилог бр.1

## Евиденција на контакти со цел лобирање

| Ред. бр. | Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице кое остварило контакт со цел лобирање | Контакт информации за лобистот/претставникот на лоби организацијата | Име, презиме и функција на лицето/лицата кај кои се лобира | Датум, место и начин на остварување на контактот | Предмет на лобирање | Други релевантни податоци |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |